РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-4277/4
16-02-2023 г./v.
(2022)

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 82-та седница одржана на 14.02.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-4277/1 од 28.04.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-4277 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4277/1 од 28.04.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, која првично била доставена до Биро за јавни набавки на РСМ, од каде е проследена до ДКСК на надлежно постапување. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно работење и располагање со буџетски средства во /// од страна на службено лице ///, директор. Без документација биле исплаќани парични средства за превоз од трансакциската сметка на субјектот со кој раководи, а при тоа бил ангажирана компанијата ///, која со сомнителна исправност на возилата, вршела превоз на ученици од и до училиштето, возилата немале натпис на кровот дека се работи за такси превоз, а не се користело ниту комбето кое било набавено исклучиво за превоз на учениците, од страна на Министерство за образование и наука на РСМ. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности, Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од горе посочениот субјект и од Министерство за внатрешни работи на РСМ – Сектор за внатрешни работи Битола и од увидот во доставеното не произлегоа елементи за натамошно постапување. Во конкретниот случај, според известувањето на Министерство за внатрешни работи на РСМ – Сектор за внатрешни работи Битола, по извршените проверки од нивна страна не биле констатирани незаконски дејствија и неправилности.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Катица Николовска